# Дневна хемеротека за *10.03.2016г.*

## МИА - [Во Охрид прва Регионална обука за спроведување на законите за заштита на природата]

ЧЕТВРТОК, 10 МАРТ 2016, 10:31:35

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

Со исклучување на стенд-бај на телевизорот

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

### Во Охрид прва Регионална обука за спроведување на законите за заштита на природата

Препорачај 0

среда, 09 март 2016 16:30




**Охрид, 9 март 2016 (МИА)** - Повеќе од 50 експерти од областа на заштитата на животната средина и државните инспекторати за заштита на природата од Македонија, Албанија и Косово, со предавачи и учесници од трите држави и од Австрија, Летонија, Црна Гора, Молдавија, учествуват на тридневната Прва субрегионална обука за спроведување на законодавството за води и заштита на природата во прекуграничен контекст што од денеска се одржува во Охрид.

Средбата организирана од страна на Регионалниот центар за животна средина како секретаријат на ТХЕМИС-мрежата под покровителство на Австриската развојна агенција, ја отвори министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, кој ја поздрави иницијативата што има за цел да ги прошири капацитетите на национално и регионално ниво за подобро и систематско спроведување на законодавството за заштита на

природата во заштитените подрачја, засновано врз принципите и практиките на земјите од Европската унија.

- Македонија дел од своето природно богатство го дели со соседните држави и оттаму наша заедничка цел и обврска е обезбедувањето негова заштита, врз принцпите на одржлив развој. Охридското Езеро, НП „Галичица" Прекуграничниот резерват „Преспа" кои ќе бидат фокус на оваа работлница се водечки примери за природни богатства на кои им е потребна колективна и усогласена заштита од страна на надлежните национални органи. Но нивната заштита бара и соодветна платформа за намалување на притисоците што ги носи економските развој, истакна Изаири. Тој притоа ги посочи природните ресурси како можност за регионален развој, врз строго почитување на принципите на одржлив развој.

Изаири меѓу другото изрази благодарност до Летонија чии искуства во текот на оваа работилница ќе бидат презентирани како позитивни примери на подобрување на инспекцискиот надзор во насока на што подобра заштита на природата.

Австриската амбасадорка во Македонија, Ренате Коблер истакна дека проблемите со загадувањето на животната средина, климатските промени бараат прекунационална соработка и координација на институции од најразлични сектори.

- Програмите насочени кон правилно и одржливо менаџирање со еко-системите ни обезбедуваат доволно вода и храна, но и чист воздух и климатска стабилност. Примерите со поплавите од летото 2014 година што најмногу ги погодија Србија и Босна и Херцеговина, не потсетија дека недоволната грижа за поширокиот еко-систем може да има сериозни несакани последици. Кога се во прашање Македонија и Албанија сценаријата предвидуваат дека поради климатските промени двете дрѓжави можат да се соочат со сушни периоди и недеостиг на вода...Оттаму активностите насочени кон заштита на природата на регионално ниво има клучна улога во стабилизирањето на локалните временски услови, подобрувањето на хидролошката состојба...Мрежата ТХЕМИС е одличен пример за тоа како преку регионално поврзување да се остварат придобивки токму во таа насока, рече амбасадорката Коблер.

На тридневната обука во Охрид ќе бидат презентирани техниките за планирање и спроведување на циклусот за инспекција во заштитени природни подрачја, чија цел е да се одговори на барањата на легислативата на ЕУ од областа на заштитата на природата и животната средина конкретно одредбите од Директивите за птици и живеалишта, ЦИТЕС Директивата, регулативите на ЕУ за трговија со животни и растенија, како и легислативата за води. **аб/16:28**

## Канал5 - *Во Охрид прва Регионална обука за спроведување на законите за заштита на природата*

Повеќе од 50 експерти од областа на заштитата на животната средина и државните инспекторати за заштита на природата од Македонија, Албанија и Косово, со предавачи и учесници од трите држави и од Австрија, Летонија, Црна Гора, Молдавија, учествуват .

## Спектра ТВ - *Субрегионална обука за спроведување на законодавството за води се одржува во Охрид*

Прва субрегионална обука за спроведување на законодавството за води и заштита на природата во прекуграничен контекст, се одржува во Охрид. Обуката е во организација на Регионалниот центар за животна средина како секретаријат на THEMIS мрежата под

## Репортер - *Во Охрид прва Регионална обука за спроведување на законите за заштита на природата*

Повеќе од 50 експерти од областа на заштитата на животната средина и државните инспекторати за заштита на природата од Македонија, Албанија и Косово, со предавачи и учесници од трите држави и од Австрија, Летонија, Црна Гора, Молдавија, учествуват ...

## Алфа - *Со подобра имплементација на законите до зачувување на животната средина*

Потребна е сериозна анализа за потеклото на загадувањето на воздухот во Тетово,порачуваат екпертите.Загадува и индустријата и сообраќајот и домаќинствата Потребна е сериозна анализа за потеклото на загадувањето на воздухот во Тетово,порачуваат ...

## Lider - *Во Охрид прва Регионална обука за спроведување на законите за заштита на природата*

Повеќе од 50 експерти од областа на заштитата на животната средина и државните инспекторати за заштита на природата од Македонија, Албанија и Косово, со предавачи и учесници од трите држави и од Австрија, Летонија, Црна Гора, Молдавија, учествуват ...

## А1 On - *Во Охрид прва Регионална обука за спроведување на законите за заштита на природата*

Повеќе од 50 експерти од областа на заштитата на животната средина и државните инспекторати за заштита на природата од Македонија, Албанија и Косово, со предавачи и учесници од трите држави и од Австрија, Летонија, Црна Гора, Молдавија, учествуват ...

**Tetova Sot - *Ministri Izairi e hapi punëtorinë për Zbatim ndërkufitar të rregullativës ligjore për ujërat dhe rajonet e mbrojtura natyrore***

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Ministri Izairi e hapi punëtorinë për Zbatim ndërkufitar të rregullativës ligjore për ujërat dhe rajonet e mbrojtura natyrore



in Maqedoni 09/03/2016

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi dhe ambasadorja e Republikës së Austrisë në Maqedoni Renate Kobler, sot në Ohër, mbajtën fjalime në hapjen e trajnimit treditor rajonal "Zbatimi ndërkufitar i rregullativës ligjore për ujërat dhe rajonet e mbrojtura natyrore", me fokus në mbrojtjen e rajoneve të mbrojtura ndërkufitare në Maqedoni, Shqipëri dhe Kosovë.

Duke theksuar se këtyre pasurive natyrore u nevojitet mbrojtje kolektive dhe e harmonizuar nga organet kompetente nacionale, ministri Izairi shtoi:

– Nevojitet edhe platformë dhe bashkëpunim i përbashkët në zvogëlimin e ndikimeve dhe presioneve, të cilat me vete i bart zhvillimi ekonomik . Pasuritë natyrore nuk janë vetëm resurse, të cilave u nevojitet mbrojtje, por ato janë edhe mundësi për zhvillim rajonal nacional, por me respektim rigoroz të parimeve të zhvillimit të qëndrueshëm.

Në këtë punëtori, ekspertë nga Austria dhe Letonia do t'i ndajnë përvojat e tyre praktike në përmirësimin e mbikëqyrjes inspektuese për mbrojtjen e natyrës në përputhje me legjislacionin e BE-së. Theks i veçantë u vu në zbatimin adekuat të Direktivës për mbrojtje të zogjve dhe habitateve, Konventës për tregti ndërkombëtare me lloje të rrezikuara të florës dhe faunës së egër, rregullativës së BE-së për tregti me botën e egër bimore dhe shtazore, si dhe legjislacionit që ka të bëjë me ujërat .

Punëtoria treditore është në kuadër të projektit për lidhje të organeve kompetente nga shtetet anëtare në rrjetin joformal Themis për realizimin e aktiviteteve për mbrojtje të natyrës në rajonet e mbrojtura. Anëtare të këtij rrjeti janë Maqedonia, Shqipëria, Bosnja e Hercegovina, Kosova. Mali i Zi dhe Serbia.





## Вест - Во Карпош, Дрисла доби сериозна конкуренција

ОГРОМНА ДЕПОНИЈА СЕ ПРОТЕГА ОД МОСТОТ ГАЗЕЛА ДО ПРОСТОРОТ ЗАД ХОТЕЛОТ "АЛЕКСАНДАР ПАЛАС"

### ВО КАРПОШ, ДРИСЛА ДОБИ СЕРИОЗНА КОНКУРЕНЦИЈА

Од Државниот инспекторат за животна средина велат дека ќе направат дополнителни истражувања кои треба да покажат дали депонијата е легална, за што се се користела и кој го наплаќал влезот

Тони градежен шут, комунален отпад, а не ретко и згура се истураат на депонија среде град, во Карпош, на потегот од мостот Газела до просторот зад хотелот "Александар Палас". Направени се планини ѓубре, натрупани на местата каде што претходно имало дупки од сепарациите за песок покрај Вардар. Натрупаниот отпад веќе е значително повисок од насипот покрај Вардар и депонијата станува сериозен конкурент на Дрисла.



"Дневно на оваа депонија секакво ѓубре истураат десетици камиони. Не пречи толку градежниот шут, па и ѓубрето од домаќинства го издржуваме, но се случува да дојдат камиони полни со згура. Е тогаш е неподносливо", се жалат луѓе кои работат во близина на депонијата. Според нив, камионите плаќаат по 500 денари за влез во депонијата.
Влезот на депонијата е во близина на лизгалиштето на СРЦ "Борис Трајковски" и постојано е затворен со катанец. Кога нашата екипа застана на влезот од депонијата, од кола паркирана во близина излегоа двајца луѓе кои прво побараа веднаш да заминеме, на фоторепортерот му забрануваа да слика, а потоа нервозно објаснија дека влезот е забранет.

"Не може да влезете, заклучено е. Клучот не е кај нас, барајте го во Општина Карпош, таму се чува", ни рекоа иако само десет минути претходно, ја отворија вратата за на депонијата да влезе камион со тетовски регистарски таблички. Иако настапија како чувари, овие луѓе не сакаа да кажат за кого работат.
Од Општина Карпош не добивме одговор на прашањето зошто дозволуваат на нивна територија да се трупа ѓубре, не одговорија ни дали навистина тие го чуваат клучот од депонијата, а не кажаа ни што предвидува урбанистичкиот план за оваа локација.
"Како прв чекор кон заштита од создавање депонија поставивме жичена ограда и катанец со цел да нема пристап до неа од несовесни граѓани кои исфрлаат шут и отпад. Годишно менуваме и по 50 катанци, бидејќи во доцните ноќни часови или во недела, ги кршат

катанците и истураат пет до десет камиони отпад. Општина Карпош и натаму ќе продолжи да се справува со несовесни граѓани и да го спречи ширењето на депонијата", е единствениот одговор кој го добивме од Карпош.



Увид на депонијата изминативе два дена правеше Државниот инспекторат за животна средина, откако и ним им ги поставивме истите прашања.
"Од денес на оваа депонија е забрането истурањето на каков било отпад. Дадовме рок од 90 дена за Општина Карпош да ни ја достави целокупната документација за оваа депонија доколку ја има. Нашата инспекција утврди дека се работи за депонија која се користи веќе 10 години, но според општинскиот комунален инспектор, кој беше со нас во инспекција, таа треба да служи само за истурање градежен шут исклучиво од територијата на Карпош. Ќе направиме дополнителни истражувања кои треба да покажат дали депонијата е легална, за што се се користела и кој го наплаќал влезот", велат од Инспекторатот, нагласувајќи дека работата многу им ја отежнува и сопственоста на земјиштето. Имало делови кои се во државна сопственост, делови кои се приватни и делови кои се предмет на денационализација.
Од Министерството за животна средина, кое ги издава дозволите за депонии, ни рекоа дека е сложено да проверуваат во нивната документација дали Општината има дозвола за депонијата оти имаат огромна документација и барањето би траело со денови. Поради тоа ќе почекаат Општината во Инспекторатот да достави се што има за депонијата. (М.И.П.)

Фото: В. Тануровски

## Tetova Sot - Jugohromi të vendosë filtra ose të ndërpresë punimet

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Jugohromi të vendosë filtra ose të ndërpresë punimet



in Maqedoni 09/03/2016

Ekspertët kërkojnë vendosjen e filtrave ose mbylljen e ndotësit më të madh të ajrit në Pollog Jugohromit. Në një tribunë të organizuar në UEJL për këtë çështje, ambientalistët thanë se sipas studimeve të bëra në Pollog, ka rezultuar se Jugohromi ndikon 40 për qind në ndotjen e ajrit.

"Kjo analizë ka rezultuar me atë se opsioni më i mirë është vënia e filtrave për prashitje por kjo nuk jep përgjigjen se kush duhet dhe si duhet ta bëj këtë. Dihet i mbetet menaxhmentit ta bëj këtë por ka mundësi të gjendet edhe ndonjë marrëveshje të bëhet me qeverinë apo pushtetin lokal. beneficionet që do kishim në rast të vënies së filtrave janë në anën e qytetarëve gjegjësisht në shëndetin e tyre", tha Rade Gogovski. Shoqata AKUA, Strugë.

Profesori universitar Zoran Shapuriq, tha se a deklaruar se politikat shtetërorë në drejtim të mjedisit jetësorë janë shumë të mira, por në praktikë ndryshojnë gjerat dhe të njëjtat tregohen jo të suksesshme.

"Kur bie puna tek implementimi praktik kjo ka të bëj edhe me politikat edhe për ligjvënien, krijohen probleme sikurse është për shembull me plotësimin e standardeve në drejtim të mbeturinave ajrit, sektori i truallit apo cili do qoftë biodiversitet tjetër apo sektor i mjedisit jetësor. Koordinimet mes institucioneve duhet të jenë shumë në nivel më të lartë sepse në pajtim edhe me politikat tona dhe strategjitë, të gjitha strategjitë siç thash dokumente strategjike duhet t`i përmbajnë aspektet ekologjike", u shpreh Zoran Shapuriq, Profesor universitar për Alsat.

Në debatën e sotëm po ashtu i konstatua se, me investimin në mjedisin jetësor, me theks të veçantë në filtrat e Jugokromit si dhe deponitë e egra, shteti do të kursej shumë më shumë mjete që harxhohen për shëndetësinë, gjegjësisht për të sëmurët në sistemin respirator dhe të sëmurët me kancer, ndërsa po ashtu, do ndikonte edhe në rritjen e mesatares së jetesës në vendin tonë, e cila viteve të fundit është ulur.

## МКД - Во Битола ПМ10 честичките доаѓаат од оџаците и од возилата, не и од индустријата

ИСПИТУВАЊЕ НА „ЕУРОМАК КОНТРОЛ“

# Во Битола ПМ10 честичките доаѓаат од оџаците и од возилата, не и од индустријата

Истражувањето на акредитираната лабораторија „Еуромак контрол" за тоа од каде доаѓаат ПМ10 честичките покажа дека суспендираните честички не потекнуваат од оџаците на индустриските објекти, туку од оџаците на домаќинствата и од издувните гасови на возилата.



СПОДЕЛИ
Share
Tweet

Ова испитување е нарачано од општина Битола. Квалитетот на амбиенталниот воздух и хемискиот состав на честичките се испитуваа од 15 до 29 јануари.

Резултатите покажаа дека честичките не содржат тешки метали како олово, кадиум, арсен, никел, што би значело присуство на индустриско загадување. Но, честичките содржат бензо алфа пирен и полицикличен ароматичен јаглероден водород, кои се канцерогени.

Претставници на „Еуромак контрол" велат дека концентрација што е дозволена согласно уредбата усогласена со европската регулатива изнесува 1 нанограм на кубен метар, а тука беше констатирано присуство на бензо алфа пиренот од 8 до 18 пати поголемо дневно.

Во периодот кога е вршено испитувањето, 11 дена биле со покачено присуство на ПМ10 честичките, понекогаш и до трипати поголемо од максимално дозволените концентрации на ПМ10 честичките (50 микрограми на еден кубен метар воздух).

Заклучокот на ова истражување е дека ПМ10 честичките се резултат на согорувањето на фосилните горива од домаќинствата, затоплувањето на јавната администрација и од сообраќајот и од климата.

## 24 Вести - Тетово меѓу рекордерите по загаденост

# Тетово меѓу рекордерите по загаденост

09.03.2016 | 19:33 Македонија Прочитано: 549



„Како се трошат народните пари : Колку се инвестира во животната средина?“ - Ова е темата на која се дебатираше на Штуловиот Универзитет во Тетово, на која учествуваа експерти и претставници на здруженија.

Македонија е потписник за политики и стандарди за заштита на животната средина уште во 2005-та година. Закони се носат, но не се применуваат доволно во пракса, вели д-р Зоран Шапуриќ.

Мерките кои треба да се преземат мора да бидат во согласност со ЕУ стандардите, но и прилагодени на реалната состојба. Конкретно за Тетово, поисплатливо е да се постават филтри во Југохром отколку компанијата да се затвори, рече Раде Говски од здружението АКВА.

Според Блаже Јосифовски пак, голем проблем е и несоодветното третирање на отпадот.

Според експертите потребен е мултидисциплинарен пристап и поголема меѓусекторска координација за решавање на проблемите со загадувањето во земјава. Голем број градови се соочуваат со аерозагадување. Тетово е едно од најзагадените градови во Македонија а и пошироко, со секојдневна висока концентрација на штетни честички во воздухот.



## ЕНаука - *[Река од ѓубре во Бејрут]*

ЕНаука.мк

# Река од ѓубре во Бејрут

Сподели Facebook Twitter g+ Ми се допаѓа Tweet






Низ делови од главниот град на Либан, Бејрут, буквално поминува река од отпад долга стотици метри, загрозувајќи го како здравјето на луѓето, така и животната средина.

Застрашувачката река од ѓубре започнала да се формира од јули минатата година кога била затворена главната депонија. Но, оттогаш не е предложена никаква друга алтернатива, па мала е веројатноста пробемот наскоро да биде решен.

Ова започнало како една привремена депонија во близина на станбената зона во едно предградие на Бејрут, но во следните месеци купот отпад сè повеќе се зголемувал, па сега според извештаите содржи 2 милиони тони отпад.




Иако оваа река од отпад е највпечатлива, за жал проблемот во Бејрут со отпадот е поголем, па на локалното население му останува само со лопати да го потиснува отпадот покрај патиштата и во реките, од каде што отровите лесно можат да стигнат до подземните води.

Локалните жители се жалат на неподносливиот мирис на гнилеж што се шири во околината и тоа во месеци кога е уште зима. Со доаѓањето на летото работите само ќе се влошат.

Но, штетите од отпадот по животната средина не се единствениот проблем. Иако локалните жители биле предупредени да не го палат отпадот поради токсичните гасови што се ослободуваат при тоа, без

друга алтернатива на располагање, многу од жителите го прават токму тоа.

Ова предизвикало пораст на респираторните инфекции и бројот на пациентите примени во една од локалните болници се покачил за 25 проценти во однос на минатата година.

Локалните жители почнаа да протестираат поради тоа што не добиват помош од власта за расчистување на улиците, а некаде демонстрациите прераснаа во насилство.

Работата на владата, која последнава години се мачи да обезбеди доволно чиста вода и струја, уште повеќе е отежната и од бегалската криза што се случува во соседната Сирија.




Ова не е единствен град што има проблеми со отпадот. Кинескиот град Шенџен неодамна објави дека ќе гради фабрика каде ќе пали третина од отпадот секој ден – што не е идеално еколошко решение, но е подобро од ништо.

Ако овој голем град наскоро не најде решение за својот проблем, на повидок е голема здравствена катастрофа, а тоа е последно што сега му треба на овој регион.